**Образложение за неконсолидираните резултати**
**за период 01.01. - 30.06.2023 година**

## Сметководствени политики и методи на вреднување

Во период за известување нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи на Современ дом АД Прилеп.

## Вкупни приходи

Современ дом АД Прилеп во периодот од 01.01 до 30.06.2023 година оствари вкупни приходи од 69.833 илјади денари кои се зголемени за околу 0,15% во однос на истиот период во 2022 година. Во овој период остварен е позитивен финански резултат во износ од 9.841 илјади денари и споредбено со истиот период од минатата година е зголемен за 0,22%.

## Вкупни расходи

Вкупните расходи изнесуваат 59.992 илјади денари и истите се зголемени за околу 0,14% во однос на истиот период во 2022 година.

## Исплатени дивиденди

Со Одлука на Собрание на акционери на Современ дом АД Прилеп од 30.05.2023 година, нето добивката во износ од 17.826.210 денари е распределена на следниот начин:

- 17.826.210 денари за задржана добивка за инвестициски вложувања

## Исполнувања на планот и очекувања за претстојниот период

Современ дом АД Прилеп и во 2023 година планира да го задржи трендот на остварување на позитивен финансиски резултат со целосна определба на зголемување на обемот на работата.

И покрај потешкотии во наплатата на побарувањата од купувачи предизвикани од влошените макроекономски услови, зголемена инфлација и зголемени трошоци по камати, Друштвото одржуваше оптимална ликвидност и навремено ги сервисираше тековните обврски кон добавувачите, банките и државата.